# XXXV СРЕДБИ НА ИЗВИДНИЦИ
## ГОЛОЗИНЦИ - ВЕЛЕС 2020




Почитувани извидници, извидничкиот одред “Димитар Влахов” од Велес одбележувајќи ја седмата деценија  на постоење на извидништвото во  Велес, и Денот на Државноста на Македонија, Ве поканува на традиционалните XXXV Средби на извидници Голозинци - Велес 2020. Во периодот од 1975 до 2020 година, успеваме да организираме триесет и пет Средби на извидници од кои последните дваесет беа од меѓународен карактер.  Овие XXXV Средби ги организираме повторно на тема ориентацијата и топографија, сигнализација ... игра како метод на работа во традиционални от скаутизам .... значи дојдете да се дружиме, да играме и забавуваме, но и да научиме нешто ново.

*******************************************************************

**Време на одржување**: 04 –06. 09. 2020 год.
**Место на одржување**: Извиднички центар “Голозинци” во с. Голозинци, Општина Чашка
**Натпреварувачки категории на извидниците**:

- Извидници (12 – 15 год.)
- Истражувачи (16 – 18 год.)
- Ровери (19 – 24 год.)

**Состав на патролата**: 2+2, 3+1, 1+3, 4-0, 0-4

**Карактер на акцијата**: тридневно логорување со натпревари од ориентација и топографија, едукативни активности и живот во природа



*****************************************************************



**Колективна опрема**
- Две батериски ламби
- Прибор за цртање
- Шатор (2 по екипа )
- Шаторско крило
- Подметач за спиење

**Лична опрема**
- Извидничка униформа
- Вреќа за спиење
- Прибор за јадење
- Марама

*****************************************************************

## ПРОГРАМА НА СРЕДБИТЕ

| **Петок 04.09.2020 год.** | |
|---|---|
| 16:00 | Тргнување Велес-Голозинци (пред Стоковна куќа – кај Коњот !!!) |
| 17:00 – 18:00 | Пристигнување во Голозинци и сместување |
| 18:00 – 18:30 | Отварање |
| 18:30 - 19:30 | Состанок со водачите |
| 19:30 - 20:30 | Вечера |
| 20:30 - 23.00 | КЗП и логорски огин |
| 23:00 | Повечерие |
| **Сабота 05.09.2020 год.** | |
| 7:30 – 8:00 | Будење и лична хигиена |
| 8:00 - 8:30 | Појадок |
| 9:00 | Решавање на задачи и старт на патролите |
| 15:00 | Пристигнување на екипите |
| 15:00 - 19.00 | Одмор |
| 19:00 – 20:00 | Вечера |
| 20:00- 00.00 | КЗП и логорски огин |
| 00:00 | Повечерие |
| **Недела 06.09.2020 год.** | |
| 08:00 | Будење |
| 09:00 | Појадок |
| 10:00 | Слободни активности |
| 11:00 | Прогласување на победниците и свечено затворање на акцијата |
| 12:00 | Поаѓање кон Велес |

**НАПОМЕНА:**
Сите патроли се должни да си донесат шатори за сместување на нивните членови. **<u>Одредот организатор не обезбедува шатори за сместување</u>.** Доколку вашиот одред не поседува опрема, ве молиме благовремено да не контактирате.




**ПРИЈАВА НА ЕКИПИТЕ:**
Најкасно до 01.09.2020 год. (вторник) на e-mail: scoutveles@gmail.com и на телефоните 070/265 250 Ангелче Гушев – Гуше, 072/306-490 Благој Ѓорѓиев – Бале, Благој Ѓорчевски - Коте 078/226-769. Сите информации можете да ги добиете и на www.scoutveles.org.mk.

**ВЕ МОЛИМЕ ДА ГИ ЗАПАЗИТЕ РОКОВИТЕ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ!!!**

**<u>КОТИЗАЦИЈА ЗА УЧЕСНИЦИТЕ:</u>**
Уплата на патрола од Македонија е 1.400. ден на ж.с. 200-0000037519-52 Банка: Стопанска банка АД Скопје или при самото доаѓање на XXXV Средби на извидници. За секој дополнителен учесник на средбите се доплаќа 350,00 ден.

<u>Патролите надвор од Македонија се ослободени од котизација</u>.

**ПРИЕМ НА ПАТРОЛИТЕ :**
Патролите се должни да пристигнат во Велес на 04.09.2020 год. (петок) најкасно до 16 часот, од каде што организирано со автобус (пред Стоковна куќа во Велес – кај Коњот) ке бидат пренесени до ИЦ "Голозинци". Организаторот обезбедува: пет оброци, пехари и дипломи за освоените први три места и награди за најдобро изработени материјали на XXXV Средби на извидници и поклон за секој учесник на средбите. **ПРЕДЗАДАЧА:** Цртеж (дрвени бои, акварел, мрсни бои и сл) или фотографија од извидничка активност во А3 формат – 200 бодови максимум за најдобриот)

**Старешинство на**
**ИО "Димитар Влахов" – Велес**